**932.**

Врз основа на член 91 став 2 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија" бр. 8/05 и 150/07), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 8.3.2011 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА ПРАВО НА СОПСТВЕНОСТ НА НЕДВИЖНА СТВАР ВО КОРИСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ЈАВНАТА КНИГА ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА НЕДВИЖНОСТИТЕ**

Член 1

Во Одлуката за запишување на право на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Македонија во Јавната книга за запишување на правата на недвижностите бр.51-6020/28 од 24 ноември 2010 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 155/10), во членот 1 став 1, и во алинеите 1, 2, 3 и 4 бројот „16416" се заменува со бројот „16419".

Во ставот 1 се додаваат три нови алинеи, како алинеи 1, 2 и 3, кои гласат:

„на недвижна ствар објект која се наоѓа во Куманово, на ул. „11-ти Октомври" бб, број на зграда 1, намена на зграда и друг објект В4, влез 1, кат приземје, број на посебен дел од зграда 0, намена на посебен дел од зграда дп, вкупна површина во 24 м2,

- на недвижна ствар објект која се наоѓа во Куманово, на ул. „11-ти Октомври" бб, број на зграда 1, намена на зграда и друг објект В4, влез 1, кат 1, број на посебен дел од зграда 0, намена на посебен дел од зграда дп, вкупна површина во 35 м2,

- на недвижна ствар објект која се наоѓа во Куманово, на ул. „11-ти Октомври" бб, број на зграда 1, намена на зграда и друг објект В4, влез 1, кат 2, број на посебен дел од зграда 0, намена на посебен дел од зграда дп, вкупна површина во 52 м2".

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 51-7804/2-10
8 март 2011 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

---

**933.**

Врз основа на член 91 став 2 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија" бр. 8/05 и 150/07), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 8.3.2011 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА ПРАВО НА СОПСТВЕНОСТ НА НЕДВИЖНА СТВАР ВО КОРИСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ЈАВНАТА КНИГА ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА НЕДВИЖНОСТИТЕ**

Член 1

Во Одлуката за запишување на право на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Македонија во Јавната книга за запишување на правата на недвижностите бр.51-6020/23 од 24 ноември 2010 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 155/10), во член 1 во ставот 1 зборовите: „во корист на Република Македонија во Јавната книга за запишување на правата на недвижностите.", се бришат.

Во ставот 1 се додава алинеја 1, која гласи: „на недвижна ствар објект кој се наоѓа во Центар 1 на ул.„Михаил Цеков" бб, на КП 5407, КО Центар 1, број на зграда 2, намена на зграда и друг објект Б4, влез 1, кат приземје, број на посебен дел од зграда 0, намена на посебен дел од зграда дп, внатрешна површина во 79м2, во корист на Република Македонија во Јавната книга за запишување на правата на недвижностите".

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 51-7804/3-10
8 март 2011 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

---

**934.**

Врз основа на член 3, а во врска со член 2, став 2 од Законот за сметање на времето („Службен весник на Република Македонија" бр. 17/1996 и 16/1997) и член 36 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008 и 10/2010), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 22.3.2011 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ДЕНОТ И МОМЕНТОТ НА ВОВЕДУВАЊЕТО И ДЕНОТ И МОМЕНТОТ НА ЗАВРШУВАЊЕТО НА ЛЕТНОТО СМЕТАЊЕ НА ВРЕМЕТО ВО 2011 ГОДИНА**

1. Летното сметање на времето во 2011 година започнува на 27 март во 02h 00min 00s, така што со поместување за еден час нанапред времето во 02h 00min 00s се смета како 03h 00min 00s.

2. Летното сметање на времето во 2011 година се завршува на 30 октомври во 03h 00min 00s, така што со поместување за еден час station наназад времето во 03h 00min 00s се смета како 02h 00min 00s.

3. Часот кој на 30 октомври 2011 година, поради поместувањето за еден час наназад се појавува двапати помеѓу 02h 00min 00s и 03h 00min 00s се означува – првиот пат како час 2А, а вториот пат како час 2Б.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 51-1886/1
22 март 2011 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.